# УРБАНИСТИЧКА РЕВИЗИЈА

## ЗА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР



*Февруари, 2019 година*

СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| | Предговор | 2 |
| 1. | Регионално опкружување | 3 |
| | - *Градот во неговото регионално опкружување* | 3 |
| | - *Регионалната економија и границите на околината на градот* | 5 |
| | - *Демографија* | 6 |
| 2. | Урбанистичка поставеност и организација на градот | 7 |
| | - *Урбанистичка поставеност* | 7 |
| | - *Зафатеност на земјиштето* | 10 |
| 3. | Трендови и проекции на населението | 12 |
| | - *Урбано население и население по населби* | 12 |
| 4. | Градска економија | 13 |
| 5. | Градски услуги, средства, одржување | 16 |
| | - *Градските услуги и нивото на достапност за населбите* | 16 |
| | - *Општински средства* | 20 |
| | - *Работи за оддржување* | 20 |
| 6. | Недостатоци и потреби | 21 |
| 7. | Проекти за урбан развој, скорешни и идни проекти | 21 |
| 8. | Предложени проекти, избор, консултации | 25 |
| 9. | ППИ: Алокација и распоред на инвестиции | 28 |
| 10. | Заклучок | 30 |

**Предговор**

Урбаната ревизија за Општина Демир Хисар е документ со кои општината ќе има интегрирани податоци во многу области.

Процесот на подготовка на проектот беше реализиран во повеќе сегменти во период од март до септември 2018 година.

Со интересот и намерата на Општина Демир Хисар за изработка на овој документ најпрво од страна на консултантот од Светска банка беше одржана средба на која беше презентирано значењето и потребата на алатката Урбана ревизија како и бенефитите од нивното користење во иднина.

Процесот на креирање на документот Урбана ревизија беше спроведен од страна на тим формиран од општинската администрација со решение од градоначалникот на општината, а беа вклучени и други вработени од општината.

Во текот на самиот процес на изготвување на овој документ имавме постојана комуникација со консултантот од Светска банка.

Како појдовна основа при изготвување на документот Урбана ревизија именуваните лица ги имаат искористено верифицираните документи кои ги поседува општината.

Дел од податоците беа обезбедени од линковите на Државен завод за статистика. Исто така беше направена теренска посета на населените места со цел да се добијат конкретни податоци кои беа потребни за самиот документ (евидентирање, предлагање и утврдување на приоритети).

Сите податоци на крајот беа соберени од страна на тимот и истите беа селектирани и сублимирани во нацрт документот Урбана ревизија на Општина Демир Хисар.

Во текот на целиот процес на изготвување на овој документ континуирано беше информиран Градоначалникот на општината за текот на спроведените активности за изработка на нацрт документот.

## 1. РЕГИОНАЛНО ОПКРУЖУВАЊЕ

### Градот во неговото регионално опкружување

Краток опис на регионот (главни географски карактеристики), растојанија до други големи градови и главни пристапни патишта.

Согласно член 5 од Законот за рамномерен регионален развој на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/2007 година и НУТС номенклатурата за статистички територијални единици), територијата на Република Македонија е регионално организирана во 8 (осум) статистички единици и тоа: Скопски, Источен, Северозападен, Југоисточен, Југозападен, Вардарски, Полошки и Пелагониски регион. Општина Демир Хисар, согласно оваа номенклатура припаѓа во Пелагонискиот Плански Регион (www.northeastregion.gov.mk).





Слика 2. Пелагониски Плански Регион




Слика 3. Карта на Општина Демир Хисар со селски атари

Според својата географска диспозиција, Општина Демир Хисар е сместена во југозападниот дел на Република Македонија, во просторот во горното сливно подрачје на река „Црна“ која тече низ средишниот дел на општината. Се простира на надморска висина од 620 м до 2000 м. Опкружена е од сите страни со ридско-планинско земјиште кое се издига над рамничарските алувијални терени и создава природна целина отворена по текот на река „Црна“.

Територијата на општината зафаќа површина од 480,15 км$^2$ или 1,87% од вкупната површина на Република Македонија со што се вбројува во средните по големина општини во Република Македонија.

Како административна целина, Општината Демир Хисар граничи на југ со Општина Битола, на запад со општините Ресен, Охрид и Дебарца, на север со Општина Кичево и на исток со општините Крушево и Могила.

Градот Демир Хисар од главниот град на Република Македонија, Скопје е оддалечен 160 км, од регионалниот центар Битола е оддалечен 30 км, од Кичево 50 км, од Крушево 25 км и од Прилеп 50 км. Градот лежи на регионалниот патен правец Р-1305, преку кој се поврзува со магистралниот пат А2е и А3е. Општината преку регионалниот пат Р-1306 е поврзана со општините Крушево, Кривогаштани и Прилеп. Градот Демир Хисар од граничниот премин "Меџитлија" со Република Грција е оддалечен 45 км.

До населено место Сопотница, Општина Демир Хисар постои железничка линија, но истата не се користи повеќе од 20 години.

**Регионалната економија и границата на околината на градот**

Во регионот се одвиваат повеќе дејности меѓу кои се земјоделството, трговијата, рударството, металургијата, енергетиката. Од областа на земјоделството има одлични услови за организирано производство на тутун, компир, пиперка, зелка, житни растенија.

Во општината стратегиска култура е тутунот во кој егзистенција бараат над 1000 домаќинства. Постои претпријатие за откуп и преработка на тутун, но има и пунктови на други претпријатија кои вршат откуп на тутун.

Општината има одлични услови за одгледување на ситен и крупен добиток, а млекото организирано го откупуваат млекари од регионот. Последните години изградени се или се градат 3 (три) рибници по текот на река "Црна".

На подрачјето на Општина Демир Хисар работаат 3 (три) каменоломи кои ги обезбедуваат потребите од сепариран варовник за општините Демир Хисар и Битола. Во делот на металургијата значаен производен капацитет претставува АД "Железник" кој произведува сачми за пескарење, но и челични одливци за машинството и рударството.

Водниот потенцијал и сончевите денови во општината овозможи во последните неколку години да бидат изградени 4 (четири) мали хидроелектрани и 1 (една) сончена фотоволтаична централа. Во тек е изградба на уште 2 (две) мали хидроелектрани.

Во поблискиот регион најзначаен капацитет е рударско енергетскиот комбинат (РЕК) Битола, како најголем производител на електрична енергија во Република Македонија.

**Демографија**

Во општина Демир Хисар според Пописот од 2002 година живеат 9497 жители од кои 2593 или 27,30% живеат во градот Демир Хисар додека состојбата во 2016 година е 8177 жители .

Според националната припадност во општината според Пописот од 2002 има: Македонци 9179 или 96,65%, Албанци 232 или 2,44%,Турци 35 или 0,37%, Роми 11 или 0,12%, Срби 13 или 0,14% и останати 27 или 0,28%.

Состојбата со старосната структура од вкупното население во општината во 2002 година е следната: од 0-9 години се 852 или 8,97%, од 10-19 години се 1166 или 12,28% од 20-29 години се 1095 или 11,53%, од 30-39 години се 1312 или 13,81%, од 40-49 години се 1278 или 13,46%, од 50-59 години се 1107 или 11,66%, од 60-69 години се 1326 или 13,96%, од 70-79 години се 1063 или 11,19%, и од 80 и повеќе се 298 или 3,14%, додека во 2016 година состојбата е следната: од 0-9 години се 611 или 7,74%, од 10-19 години се 773 или 9,45% од 20-29 години се 1018 или 12,45%, од 30-39 години се 1002 или 12,25%, од 40-49 години се 1161 или 14,20%, од 50-59 години се 1267 или 15,49%, од 60-69 години се 1063 или 13,00%, од 70-79 години се 817 или 9,99%, и од 80 и повеќе се 465 или 5,69%

Од табелата може да се види дека во Општина Демир Хисар најголем процент од населението е на возраст од 30-69 години односно 54,95 %.

Табела - Старосна структура во Општина Демир Хисар




Извор: Државен завод за статистика

Во табелата Основни демографски и економски податоци за Општина Демир Хисар може да се види дека БДП по глава на жител на Демир Хисар во УСД или евра за 2016 нема.

Табела - Основни демографски и економски податоци за Општина Демир Хисар

| Демографија | | Квалитет на живот | |
|---|---|---|---|
| Број на населби | 41 | Смртност на доенчиња во општина Демир Хисар 2016 | 2 |
| Површина во $км^2$ | 480,15 | Број на раѓања во општина Демир Хисар 2016 | 54 |
| Вкупно население 2016 | 8177 | Смртност на доенчиња во РМ 2016 | 197 |
| Густина на население жители/км2 | 17,03 | Број на раѓања во РМ 2016 | 23002 |
| Број на станови (живеалишта) 2002 | 4327 | Стапка на активно население во општина Демир Хисар во 2016 | нп |
| Број на домаќинства 2002 | 2987 | **Економија** | |
| Просечен број по домаќинства 2002 | 3,18 | БДП по глава на жител (на ниво на земја) во евра за 2016 | нп |
| **Инфраструктура** | | БДП по глава на жител на Демир Хисар во УСД или евра за 2016 | нп |
| Вкупна должина на патишта (од кои асфалт) во км за 2016 | 93 | Стапка на невработеност за Демир Хисар (% од активното население) за 2016 | нп |

Извор: Државен завод за статистика

## 2. УРБАНИСТИЧКА ПОСТАВЕНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ГРАДОТ

### Урбанистичка поставеност

а) Релјефната структура на Општина Демир Хисар е разновидна, како по настанокот, така и по составот, што се должи на сложеното геолошко минато. Врз основа на тоа, релјефот на општината го сочинуваат неколку основни морфолошки елементи – Алувијалните почви кои се застапени во општината во рамничарскиот дел по течението на реката „Црна“ и реката „Обедничица“ се почви со длабок физиолошки активен слој, поволен механички состав и водено-воздушен режим, како и релативно добри хемиски својства.

Општо земено, алувијалните почви се одликуваат со релативно висока производна вредност.

За зголемувањето на производната способност на овие почви, потреба е да се истакне комплексното решавање на водниот режим на почвите (одводнувањето и наводнувањето) како и примената на адекватни агрохемиски и агротехнички мерки.

Делувијалните почви се исто така застапени во рамничарскиот дел и тоа од двете страин на реката „Обедничица“, од левата страна на реката „Црна“ од Бараково до Света, потоа по течението на реките „Журечка“ и „Жаба“.

Производните способности на овие почви се пониски што е резултат на топографско-хидрографските услови и физичките својства. Овие почви се слабо обезбедени со вода, содржат значително помалку хумус и хранливи материи и имаат неповолни хемиски и физички својства.

Како главни мерки за зголемување на нивната продуктивна способност се истакнуваат следните: заштита од ерозија, одводнување, наводнување, јумизација, калцификација, ѓубрење и продлабочување на ораниците.

Покрај алувијалните и делувијалните почви, по долината на реката „Црна“ застапени се циметни почви.

Во околината на населбите Големо и Мало Илино и на потегот од Сопотница преку ридот Кула до општинската граница со Другово распространети се варовничко-доломитски црници.

Ранкерите ги зафаќаат ридовите на селото Лесково-Самолски рид, Радикин рид, Старо бачило и врвот Убава.

На потегот Боиште-Церово-Вирово застапени се литосоли и еродирани кафеави шумски почви како единствена енклава на овие почви во подрачјето на општината.

Најголем простор заземаат кафеавите шумски почви и тоа на падините на Бигла, Илинска и Плаќенска Планина, планинските делови на север од реката „Црна“ и дел од ниската планина Кале помеѓу населбите Суводол-Вардино и границата со општина Крушево. Тоа се бескарбонатни почви со слаба киселост и со низок капацитет на апсорпција.

Бонитетот на земјиштето е различен од најквалитетните прва и треат класа во рамничарскиот дел, до најсиромашната шеста класа во ридско-планинскиот дел на Општината. Ова е резултат на влијанието на основните педогенетски фактори и процеси, а особено местоположбата, рељефот и геолошката подлога, врз кои се формирани денешните почви.

Низ подрачјето на општината поминува горниот тек на река „Црна“ која минува низ централниот дел на општината и ги прибира сите речни текови, со што ја формира хидрографската мрежа во општината.Реката „Црна“ со просечен годишен проток од 15,0 м3/сек., претставува најголем речен потенцијал. Реките: Жаба, Стара река, Боишка и

Журешница се со мал просечен проток и само делумно ги задоволуваат потребите на просторите каде што поминуваат. Речните текови не се регулирани по целата должина, па затоа на одредени простори доаѓа до изливање во време на поројни врнежи. При максимални води текот на реката „Црна“ и нејзините притоки се изливаат и поплавуваат земјоделска површина од 370 ха. Најчесто поплавувани површини се подрачјата помеѓу селата Жван и Сопотница како и Граиште и Света.

Подземните води се појавуваат во мошне издашните терени (алувиум) покрај речните текови во рамничарскиот простор. Досега не се испитувани и не постои јасна слика за нивните карактеристики.

На поширокиот регион од оваа Општина се регистрирани повеќе поројни текови, кои создаваат ерозивен нанос. Како резултат на тоа доаѓа до загрозување на наводнувањето, одводнувањето, внесување на големи количини на нанос во акумулациите и реките и вршат испирање на тлото и губење на плодното земјиште.

б) Просторот на општина Демир Хисар се карактеризира со типично континентална клима.

Просечно годишна температура на воздухот изнесува 11,4 $^{o}$C. Највисоки средно-месечни температури се јавуваат во јули и изнесуваат 22,6 $^{o}$C, а најладен месец е јануари со средно-месечни температури од 0,3 $^{o}$C.

Амплитудата на екстремните температури се движи од -28,40 $^{o}$C до 40,3 $^{o}$C или 68,7 $^{o}$C. Средно годишно се јавуваат 83,1 мразни денови од кои најголем број во јануари 23,5 дена, во февруари 19,1 и декември 17,8 денови.

Инсолацијата е со релативно мал просечен годишен број на часови со сончев сјај (1.951 часа). Ниската инсолација е резултат на доста високата облачност која во општина Демир Хисар средно годишно изнесува 5,2 десетини.

Врнежите се со медитерански плувиометриски режим, а количините на падавини се движат од 740 мм во рамничарскиот дел до 1.100 мм на планините. Максималните врнежи се јавуваат во ноември и мај, со тоа што во зимската половина од годината врнежите се поголеми и главно во вид на снег. Сушите се ретки појави и најчесто се краткотрајни до 10 дена. Ветровите главно дуваат од северен и западен правец со умерени брзинии главен максимум во зимскиот и пролетниот период.

Евидентна е појавата на слана, која се јавува просечно годишно 54 дена со осетно варирање на вкупниот број на денови од 21 до 78 дена.

**Зафатеност на земјиштето**

Карта: Зафатеност на земјиште



Табела – Зафатеност на земјиштето во Општина Демир Хисар од населби

*Табела – Зафатеност на земјиштето во општина Демир Хисар од населби*

| | површина | На се лба | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | хектари | Бабино | Базерник | Баракoво | Белче | Боиште | Брезово | Вардино | Велмевци | Вирово | Големо Илино | Граиште | Демир Хисар | Доленци | Единаковци | Жван | Железнец | Журче | Загориче | Зашле | Кочишта |
| **Домување** | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| Површина - опслужено домување | ха | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Површина - не доволно опслужено домување | ха | 11,2 | 9,3 | 17,3 | 26,86 | 18 | 31,3 | 21,19 | | 29,3 | 14,5 | 11,8 | | 9,5 | 35,1 | 14,37 | 9,6 | 19,5 | 25 | 13,4 | |
| Површина - не ре гула рно домува ње | ха | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупна површина - домување** | ха | **11,2** | **9,3** | **17,3** | **26,86** | **18** | **31,3** | **21,19** | | **29,3** | **14,5** | **11,8** | | **9,5** | **35,1** | **14,37** | **9,6** | **19,5** | **25** | **13,4** | |
| **Други наме ни** | ха | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Голе ми обје кти Б, В, Д3 | ха | | | 4,2 | 0,99 | 3 | 7,3 | 0,57 | | 6,2 | | 1,85 | | 1,4 | 0,68 | 4 | 0,6 | | 1,5 | 2 | |
| Де јности Г | ха | | | | 6,85 | | | | | | | | | | | 1,19 | | | | | |
| Зе ле ни површини | ха | | | | | | | | | | | | | | | 0,57 | | | | | |
| Па тишта -отворе н простор | ха | | | | 4,17 | | | 4,03 | | | | | | 2,69 | 5,96 | 4,26 | | | | | |
| **Вкупна површина - други наме ни** | ха | **22,4** | **3** | **4,2** | **12,01** | **3** | **7,3** | **4,6** | | **6,2** | **14,6** | **1,85** | | **4,09** | **6,64** | **10,02** | **0,6** | **23,9** | **1,5** | **2** | |

| | површина | На се лба | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | хектари | Кутретино | Лесково | Мало Илино | Мренога | Ново Село | Обедник | Прибилци | Радово | Ракитница | Растојца | Света | Сладуево | Слепче | Слоештица | Смилево | Сопотница | Стругово | Суводол | Суво Грло | Утово | Церово | Вкупно |
| **Домување** | | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | |
| Површина - опслужено домување | ха | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Површина - не доволно опслужено домување | ха | 22,81 | 13,3 | 8,3 | 12,8 | 13 | 33,3 | 21,2 | 8 | 14,9 | | 27,18 | 9,5 | 29,48 | 11,7 | 61,07 | 49,3 | 28 | 31,59 | 16,8 | 10,3 | 11 | 730,25 |
| Површина - не ре гула рно домува ње | ха | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупна површина - домување** | ха | **22,81** | **13,3** | **8,3** | **12,8** | **13** | **33,3** | 21,2 | 8 | **14,9** | | **27,18** | **9,5** | **29,48** | **11,7** | **61,07** | **49,3** | **28** | **31,59** | **16,8** | **10,3** | **11** | 730,25 |
| **Други наме ни** | ха | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Голе ми обје кти Б, В, Д3 | ха | 1,13 | 6,2 | 0,7 | 2,7 | 3 | 6 | | 4,4 | 0,8 | | 1,56 | 2 | 1,27 | 1,71 | 0,53 | 5,42 | 6 | 3,85 | 12,8 | 1,2 | 1,4 | 96,96 |
| Де јности Г | ха | | | | | | | | | | | 7,94 | | 2,54 | 2,97 | 6,37 | 11,86 | | 7,95 | | | | 47,67 |
| Зе ле ни површини | ха | 0,15 | 1,5 | | | 1,5 | | | | | | 0,3 | | 1,22 | 0,15 | 2,97 | 4,39 | 4 | | | | | 16,75 |
| Па тишта -отворе н простор | ха | 3,38 | | | | | | | | | | 7,24 | | 2,93 | 3,85 | 4,89 | 12,95 | | 5,09 | | | | 61,44 |
| **Вкупна површина - други наме ни** | ха | **4,66** | **7,7** | **0,7** | **2,7** | **4,5** | **6** | **10,2** | **4,4** | **0,8** | | **17,04** | | **7,96** | **8,68** | **14,76** | **34,62** | **10** | **16,89** | **12,8** | **1,2** | **1,4** | 269,52 |

## 3. ТРЕНДОВИ И ПРОЕКЦИИ НА НАСЕЛЕНИЕТО

### Урбано население и население по населени места

Табела -Население во Општина Демир Хисар

| Година | 2002 | 2015 | 2016 | 2017 | 2020 |
|---|---|---|---|---|---|
| Население во Општина Демир Хисар | 9497 | 8330 | 8177 | 8070 | 7800 |

Табела – Население по населби во Општина Демир Хисар

| | Бабино | Базерник | Бараково | Белче | Боиште | Брезово | Вардино | Велмевци | Вирово | Големо Илино | Граиште | Демир Хисар | Доленци | Единаковци | Жван | Железнец | Журче | Загориче | Зашле | Кочишта | Кутретино |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население** | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 | 21 |
| Население - опслужено домување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Население - недоволно опслужено домување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Население - нерегуларно домување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно население | 34 | 52 | 67 | 245 | 7 | 62 | 266 | 7 | 151 | 52 | 145 | 2593 | 97 | 338 | 428 | 57 | 255 | 115 | 42 | 38 | 301 |
| **Домување** | 69 | 30 | 32 | 89 | 26 | 121 | 93 | 88 | 75 | 60 | 72 | 725 | 82 | 109 | 193 | 59 | 157 | 52 | 70 | 28 | 77 |

| | Лесково | Мало Илино | Мренога | Ново Село | Обедник | Прибилци | Радово | Ракитница | Растојќа | Света | Сладуево | Слепче | Слоештица | Смилево | Сопотница | Стругово | Суводол | Суво Грло | Утово | Церово | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население** | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 | 34 | 35 | 36 | 37 | 38 | 39 | 40 | 41 | |
| Население - опслужено домување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Население - недоволно опслужено домување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Население - нерегуларно домување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно население | / | 50 | 107 | 35 | 273 | 266 | 13 | 37 | 19 | 332 | 77 | 719 | 221 | 321 | 929 | 286 | 415 | 8 | 35 | 2 | 9497 |
| **Домување** | 1 | 38 | 71 | 61 | 97 | 125 | 27 | 45 | 40 | 120 | 35 | 290 | 152 | 171 | 393 | 129 | 147 | 30 | 24 | 24 | 4327 |

## 4. ГРАДСКА ЕКОНОМИЈА

Општина Демир Хисар, според своите карактеристики спаѓа во групата на рурални општини.

Двигатели на локалната економија во Општина Демир Хисар се претпријатието за производство на сачми и челични одливци АД "Железник", претпријатието за производство и преработка на тутун ДООЕЛ "Пашовски дилер", претпријатието за производство на балетанки ДООЕЛ "Гришко", претпријатијата за откуп и преработка на земјоделски и шумски билки и плодови "КСЕНОС" и "ЧАПЕ ФУНГИ", мелничкото претпријатие "Жито брест", претпријатијата за трговија "Евтинија" и "Ангро-маркетинг" каде отпаѓа и најголемиот дел на вработените во приватниот сектор. Години наназад, значаен дел во локалната економија отпаѓа на земјоделството. Во оваа гранка се вклучени најголем број на население во општината, како основна или повремена дејност.

Општина Демир Хисар во изминатите години вложи големи напори за промовирање на општината и изнаоѓање на инвеститори за развој на локалната економија. За таа цел се подготви и нова индустриска зона во градот Демир Хисар, а нарасполагање се уште два објекти со површини до 3000 $м^2$ кои се нудат на потенцијални инвеститори.

Можностите за развој на туризмот во општината се големи. Постојните објекти како меморијалниот музеј "Смилевски конгрес" и спомен паркот „Даме Груев" во с.Смилево, приватната библиотека "АЛ-БИ" во с.Бабино, манастирските комплекси "Св. Јован" кај с.Слепче, "Св. Атанасиј" кај с.Журче, топличкиот манастир "Св. Никола" и други, природните убавини, како и се поголемиот број на годишни манифестации во општината, привлекуваат се поголем број на посетители.

Во однос на бројот на субјекти, во Општина Демир Хисар има регистрирано вкупно 233 субјекти – приватни фирми (или 0,33 % од вкупниот број во Република Македонија – 71.519).

***Прилог***

Табела -Активни деловни правни субјекти во општина Демир Хисар и Македонија 2016

| 2016 | Вкупно | Микро | Мали | Средни | Големи |
|---|---|---|---|---|---|
| **Македонија** | 71519 | 49364 | 20892 | 746 | 517 |
| **Општина Демир Хисар** | 233 | 166 | 63 | 4 | - |

Извор: Државен завод за статистика

Табела -Активни деловни субјекти по сектори на дејност состојба 2016 година во општина Демир Хисар и Македонија

| Вид на индустрија | Република Македонија | Општина Демир Хисар | Место |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **71519** | **233** | |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 2749 | 31 | |
| Рударство и вадење на камен | 189 | 2 | |
| Преработувачка индустрија | 7967 | 23 | |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 165 | - | |
| Снабдување со вода;отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината | 271 | 3 | |
| Градежништво | 4747 | 8 | |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 23716 | 65 | |
| Транспорт и складирање | 5829 | 34 | |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 4627 | 24 | |
| Информации и комуникации | 1618 | - | |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 440 | - | |
| Дејности во врска со недвижен имот | 552 | - | |
| Стручни, научни и технички дејности | 6618 | 9 | |
| Административни и помошни услужни дејности | 1650 | 1 | |
| Јавна управа и одбрана ;задолжително социјално осигурување | 267 | 1 | |
| Образование | 1149 | 4 | |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 3298 | 19 | |
| Уметност, забава и рекреација | 1305 | 3 | |
| Други услужни дејности | 4362 | 6 | |

Извор: Државен завод за статистика

Според востановената класификација, Општина Демир Хисар, според своите карактеристики спаѓа во групата на рурални општини со вкупно 40 селски населби и градот Демир Хисар. Како и во поголемиот број на општини во Република Македонија, индустрискиот развој и процесот на глобализација во последната деценија водат кон силна депопулација на руралните средини. Покрај овие клучни фактори, една од основните причини за напуштањето на руралните области е и немањето на основна социјална инфраструктура за обезбедување на соодветен квалитет на живот во нив. Интересно е и тоа што во изминатите неколку години се случуваат и обратни процеси кај дел од населението, кое заради егзистенцијални потреби се враќаат во селата и се занимаваат со земјоделство.

Овие земјоделци претежно се ориентирани кон органско и еколошко производство на храна и тоа во главном за задоволување на сопствените потреби, а многу мал дел за локален пазар. Нема организиран облик на земјоделско производство, односно нема капацитет за снабдување на локалните маркети и трговци на големо. Воведувањето на стандарди и дефинирани процедури од една страна и немањето на доволно капацитети кај локалните производители за имплементација на овие стандарди и нивна сертификација влијае директно врз бројот на регистрирани индивидуални земјоделци и производители на храна. Интервенција на овој сектор на локално ниво, со оглед на извонредните еколошки услови, во делот на еко-производи, био-фарминг и слично ќе води кон подобрување на квалитетот на храната и зголемување на локалниот приход од земјоделието, со тенденција на ширење на пазарот. Од развојот на реафирмација на селото ќе зависи во огромна мера и развојот на градот. Тоа ќе се постигне со низа на мерки од областа на развивање на социјалната и комуналната инфраструктура во селските населби.

Изградбата на новата индустриска зона "Демир Хисар" и потенцијалните инвестиции во неа (ДООЕЛ "Гришко" и др.), како и ставањето во функција на два големи стопански капацитети (поранешна "Застава" и "Слобода") се наметнува како клучен фактор за развој на локалната економија. Локалната самоуправа исто така има влијание врз развојот на економијата преку изготвување на стратешки документи за развој, мерки за даночни олеснувања, изготвување и донесување на урбанистичко-планска документација, изградба на соодветна комунална инфраструктура и слично.

Во моментот најголеми работодавачи во општината се  АД "Железник", ДООЕЛ "Пашовски дилер", ДООЕЛ "Гришко", ДООЕЛ "Ксенос", рудник "Демир Хисар" каде работаат најголем дел од тековно вработените во приватниот сектор. Постојат и други претпријатија со над 10 вработени во делот на производството. Во делот на трговија постојат неколку поголеми маркети – "Анго-маркет", "Ефтинија", "Домино", "Дадем промет" како и неколку помали трговски објекти кои ги задоволуваат потребите на локалното население.

Поголем број на граѓани работаат во РЕК "Битола" – Новаци и "Кромберт и Шуберт" – Битола. Голем е бројот и на граѓани кои се на привремена работа во странство (Европа, САД , Канада и Австралија).

Најголемиот број на вработени сепак отпаѓа на јавните дејности, односно вработени во здравствените установи, образовните установи, јавни претпријатија и други административно управни единици.

## 5. ГРАДСКИ УСЛУГИ, СРЕДСТВА, ОДРЖУВАЊЕ

### Градските услуги и нивото на достапност за населбите

Како што може да се види од табелата подолу постои разлика во показателите помеѓу градот Демир Хисар и другите населени места во Општина Демир Хисар.

1. Во делот на пристапот до инфраструктура може да се забележи дека постои разлика помеѓу градот и другите населени места. Во градот Демир Хисар пристапот до инфраструктура во просек изнесува 87%, додека во другите населени места тој просек е многу помал. Просечниот пристап до инфраструктура за сите населени места изнесува 37%.

   Во делот на еколошките санитарни услуги постои изразита разлика помеѓу градот во однос на другите населени места што може да се види од табелата.

   Имено во градот и неколку поголеми населени места пристапот до еколошките санитарни услуги изнесува од 70% до 80%, додека просекот за сите населени места во општината е 13%. Меѓутоа, според бројот на жители кои во градот и населените места Велмевци, Кутретино, Слепче, Слоештица, Сопотница и Суводол според Пописот од 2002 година изнесува 5185 жители, односно 54,59% од вкупното население, задоволувањето од еколошките санитарни услуги е делумно задоволителен. Во останатите населени места не можноста до пристап до еколошките санитарни услуги се должи на ридско-панинскиот карактер на просторот, разбиениот тип на населените места, малиот број на жители кои се воглавно од најстарата возрасна структура над 65 години како и законските пречки (Водостопанска основа на РМ во делот на планираната акумулација „Бучин“) каде не може да се градат објекти).
2. Во делот на пристапот до суперструктурните објекти од табелата може да се види дека постои разлика помеѓу градот и останатите населени места. Во градот Демир Хисар пристапот до суперструктурни објекти изнесува 100%, додека просекот во другите населени места е многу мал. Тоа се должи на сложената конфигурација на теренот, разбиениот тип на населените места и малиот број на жители. Просечниот пристап до суперстуктурните објекти за сите населени места изнесува 9%.
3. Во табелата Список на инфраструктура и програмирање на услуги (СИПУ) во делот на резултати е следната состојба:

   а) Густината и домување во градот е поголема и изнесува со просечна оценка 4 во споредба со останатите населени места каде има помала густина. Во целина просечната оценка за сите населени места е 0,99.

   б) Состојбата со патиштата во градот е со просечна оценка 4, додека во населените места таа е помала. Просечна оценка во делот на патишта за сите населени места е

2,26. Тоа ни кажува дека е потребно да се подобри изградбата на патната инфраструктура во останатите населени места.

в) Во делот на еколошки санитарни услуги просечна оценка во градот и населените места Велмевци, Кутретино, Слепче, Слоештица, Сопотница и Суводол е 4, додека во другите населени места е 0. Просечната оценка за сите населени места изнесува 0,63 што покажува дека главен проблем во населените места се еколошките санитарни услуги. Според табеларниот преглед главен приоритет во ППИ за Општина Демир Хисар се ниските еколошки санитарни услуги.

Г) Во делот на објекти во градот просечна оценка е 4 за разлика од останатите населени места каде овој резултат е изразито мал, а главна причина за тоа е малиот број на жители во поголемиот дел од населените места како резултат на големите миграциски движења село-град во изминатиот период пред се поради подобрите услови во градот. Просечна оценка за сите населени места е 0,34.

